ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **08.01.2020 година** во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**, Секретар на општина **Љубомир Младенов** , Раководител на Сектор за општи и правни работи ,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** , Раководител на Одделение за финансиски прашања **Драгица Митровска**,Раководител на човечки ресурси **Игор Додевски**,Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на Одделение за јавни дејности ,економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски** , Раководител на Одделение за урбанизам ,сообраќај и заштита на животна средина **Маја Костадиновска** Директор на ЈП Комуналец **Миле Марковски** и Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски** и Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска**.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски го водеше состанокот на колегиум каде беше даден извештај за одржаниот состанок во Владата на СРМ, при што беа донесени следните заклучоци:

**Секретар**

Од страна на Секретарот на општината беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се состане комисијата и да бидат разгледани сите грандови најдоцна до 25.01.2020 година и да се даде извештај од здруженијата по однос на потрошените средства.

-Да се пренесе на комуналните редари и да се даде налог да извршат увид со дадена опомена на работниците на Гранит дека по завршувањето на градежните активности не треба се остава се расфрлано од материјалите и хартија од храната бидејќи се ствара депонија .

-Од ЕВН да се потражи пресметка за парцела кај Треска за изместување на електричен вод.

-До нареден колегиум да се даде писмен извештај од Зоран Павловски до каде е потапката за формирање на совет на станари во оние заедници каде немаше формирано .

-Тековни активности

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

-Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Заклучно со 2019 година да се направи пресек на средства за јавна чистота и целиот прилив да се префрли на сметка на општината.

-Да се продолжи со постапката за опомени за неплатени решенија за данок на имот.

-Тековни активности

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

- Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Со Одделение за јавни дејности,локален економски развој и информатичќка технологија да се види за апликација за проекти преку Светска банка за патиштата кај Мизовски ливади и Крстата падина и за канализацијата кај Бурови бавчи.

-Да се даде налог на ЈП Комуналец за расчистување на терен за дел кај стара Пелагониска база.

-Да се ажурира список на проекти за апликација на разни повици.

-Да се исконтактира со фирмата Еуро-Роад дизајн –Скопје околу проектот за улица Калин камен најдоцна до 20.01.2020 година.

До петок 10.01.2020.година да се достави писмен извештај од комисијата за проценка за објектот на Хантерс во с.Варовиште.

-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Раководител на Одделение за урбанизам ,сообраќај и заштита на животна средина Маја Костадиновска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се провери  по имотем лист за едната половина за ОУД Боро Менков дали е можно да се врши пренамена и адаптација на простор согласно урбанистички план

-Допис да се достави до Министерството за животна средина за заштита на Осоговието.

-Да се достави извештај со податоци за предметите за завршени легализации со дадени површини  најдоцна до 25.01.2020 година.

Да се даде рок на фирмата Простор –Куманово за реализација на дадените обврски по договорот.

-Тековни активности

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Во врска со повикот од Министерство за труд и социјална политика каде рокот е 30.04.2020.година за поднесување на апликацијата во текот на неделата да се одржи состанок на Советот за социјална заштита и да се разгледа кои ќе бидат двата проекти кои ќе се реализираат .По завршувањето на состанокот на Советот за социјална заштита да се формира работна група каде Елена Христовска ќе биде задолжена околу пополнување на самите апликации.

-Да се отпочне подготовка за одбележување на верскиот празник Богојавление-Водици  на 19.01.2020 година и да се  направи координација со ЈП Комуналец,МПЦ , Црвен крст ,Дом за здравство и ПС ОН Крива Паланка.

-Да се спреми новиот повик за Граѓански здруженија на фондации до 25.01.2020.година со давање на област на прецизирање и да се даде можност за повисоки грандови .

-Тековни активности

**Одделение за човечки ресурси**

Од страна на Раководителот беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

Од страна на Виш соработник за јавни набавки и водење седници на совет Биљана Тасевска беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

- Во текот на неделата да се закаже комисија за верификација и менување по однос на повикот за Совет за млади и да се спреми како материјал за седница на совет

-Протокот на документи од архивата до службите да не доцни бидејќи има дадени рокови,како и за доставата да не заостанува на време да биде однесена да не поминат дадените рокови за истата.

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

-Да се исконтактира со фирмата задолжена за подигање на електронскиот отпад.

-Тековни активности и проблеми

**ЈП Комуналец**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-Да се прати лице на обука за да се стекне со сертификат за чистење на оџаци најдоцна до 13.01.2020 година да се даде повратна информација .

-Да се провери за сите вработени во ЈП Комуналец за плаќање на данок на имот.

-Расчистување на речното корито од мостот кај Бегови бавчи до Карпош.

-Делот под стамбената зграда кај Карчова куќа има површина која не е средена и треба да се стави во Програмата за градско зеленило.

- Да се разгледа можноста за оградување на теренот на Градскиот стадион(зелениот дел)

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела

-До нареден колегиум да се разгледа можноста за повеќе локации со конкретни мерки и димензии и да се испечатат на церади делови од нашиот град за развивање на туризмот .

-Тековни активности

-Да се доставаат податоци од Раководителите на одделенијата за завршените одуки до крајот на неделата.

-Задолжително носење на службените легитимации од страна на вработените во општина Крива Паланка ако некои немаат легитимација да се обратат во Одделение за човечки ресурси во текот на неделата.

-Сите Одделенија да изготват план за јавни набавки до 13.01.2020 година

- Во текот на денот сите Одделенија да доставаат план за користење на годишен одмор до Одделение за човечки ресурси.

-Во текот на денот сите Одделенија да доставаат извештај за спроведени обуки.

-Седница на совет ќе биде одржана на ден 27.01.2020 година.

**08.01.2020 година, Крива Паланка**

**Изготвил: Клара Стевановска**